ПРЕДЛАГАЧИ: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ И ОБУКА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ,
по скратена постапка

Скопје, декември 2025 година

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: / E pranuar: | 05. 12. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Njësia. Org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë |
| 08 | 68731/1 | | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за стручно усовршување и обука на административните службеници, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Законот за стручно усовршување и обука беше усвоен во јули 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 144/25). Анализите покажаа дека во однос на одредени одредби од Законот потребно е номотехничко унапредување на текстот заради надминување на одредени недоследности и контрадикторности. Ова особено се однесува на одредбите кои содржат законски основ за носење на подзаконски акти, и тоа во однос на надлежноста за носење на овие акти. Имено, во дел од одредбите се предвидува подзаконските акти да ги донесува директорот на Академијата, но имајќи предвид дека Академијата е орган во состав на Министерството за јавна администрација и нема својство на правно лице, надлежност да донесува подзаконски акти има исклучиво министерот. Од тие причини се изврши интервенција во одредбите од член 13 став (9) и член 15 став (4), но и во членот 7 став (3) чија измена е во рамките на хиерахијата во поставеноста на институциите, односно директорот на Академијата (како орган во состав без својство на правно лице), кој се именува од страна на Владата, но по предлог на надлежниот министер, во случајов министерот за јавна администрација. Оттука, со Предлогот на Законот се интервенира во наведените одредби во насока на утврдување надлежност на министерот да ги донесува подзаконски акти, како и да и предлага на Владата кандидат за директор на Академијата. Истовремено, во насока на оваа интервенција е и законската одредба од членот 9 од Законот, според која Академијата поднесува извештај за својата работа до Министерството.

Во членот 10 став (7) од Законот кој ја уредува постапката за избор и разрешување на членови на Програмскиот совет, предвидено е дека „Директорот на Академијата формира комисија составена од тројца вработени од организационата единица за човечки ресурси во Академијата...“. Но, повторно, од причина што Академијата е орган во состав на Министерството за јавна администрација без својство на правно лице, истата нема посебна организациска единица за човечки ресурси, односно тие прашања ги извршува организациската единица за човечки ресурси во Министерството.

Во членот  13 во ставот (1) се предвидува формирање на испитни комисии „за спроведување на испит за спроведена обука за лица кои за првпат засновале работен однос како државни службеници“. Од практични причини се врши преформулирање на називот на испитот.

Во членот 25 став (5) е направена очигледна техничка грешка, односно Академијата е именувана како Агенција и затоа беше неопходна интервенција во овој член.

Со измените и дополнувањата се менува насловот на членот 27„Часови на обука и испит“ со цел со истиот да се одрази содржината на одредбата.

Со членовите 28 и 34 се дефинираат областите кои се дел од Програмата за задолжителна обука и Програмата за обука за управувачки компетенции. Меѓутоа, треба да се има предвид дека станува збор за материја која е променлива и логично е да се уреди во подзаконски акт. Од тие

причини се врши интервенција со тоа што областите нема да бидат предмет на уредување на Законот, односно се воспоставува законски основ со подзаконски акт да се уредат овие прашања.

Во преодни и завршни одредби, во членот 39 од Законот, е предвидено дека подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон. Но, сите дејствија (основање на Академијата, именување на директор) се предвидени по започнување на примената на Законот (01.01.2027 година), а влегувањето во сила на Законот е од август 2025 година, поради што не постојат услови да се имплементира овој член, во која смисла потребно да се одложи пропишаниот рок.

Од овие причини се предлага да се донесе предметниот закон.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Целта е преку интервенции во одредбите на Законот да се извршат номотехнички подобрувања на текстот на Законот и со тоа да се надминат постоечките недоследности кои со отпочнување на примената на Законот ќе предизвикаат проблем и во однос на донесување на подзаконските акти, но и при имплементација на Законот. Дополнително, се утврдуваат законски основи за уредување на областите за задолжителната обука за лицата кои за првпат заснoваат работен однос како државен службеник и за административните службеници кои се стекнале со раководно звање, бидејќи станува збор за променлива материја и попрактично е овие прашања да се уредат со подзаконски акти.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Со Предлогот на Закон не се предизвикуваат финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија и не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Се предлага овој закон да се донесе по скратена постапка, бидејќи не е во прашање сложен и обемен закон. Напротив, со овој закон се вршат корекции со цел номотехничко подобрување на сегашниот текст на Законот за вработените во јавниот сектор.

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ И ОБУКА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 1

Во Законот за стручно усовршување и обука на административните службеници („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 144/25), во член 7 ставот (3) се менува и гласи:

„Директорот на Академијата, на предлог на министерот за јавна администрација (во натамошниот текст: министерот), го именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Владата).

Член 2

Во член 10 во ставот (7) зборовите: „од организационата единица за човечки ресурси во Академијата“ се бришат.

Член 3

Во член 13 во ставот (1) зборовите: „за спроведена обука“ се бришат.

Ставот (9) се менува и гласи:

„Висината на надоместокот од ставот (7) на овој член го утврдува министерот на предлог на директорот на Академијата.“

Член 4

Во член 15 ставот (4) се менува и гласи:

„Висината на надоместоците од ставовите (1) и (2) на овој член го утврдува министерот на предлог на директорот на Академијата.“

Член 5

Во член 25 во ставот (5) зборот „Агенцијата“ се заменува со зборот „Академијата“.

Член 6

Насловот на членот 27 се менува и гласи:

„Задолжителна обука и испит“.

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Содржината на програмата за задолжителна обука на лицето кое за првпат заснова работен однос како државен службеник ја пропишува министерот на предлог на директорот на Академијата.“

Член 7

Насловот на членот 28 и членот 28 се бришат.

Член 8

Во член 30 во ставот (1) зборовите: „и тоа по пет прашања од секоја од областите од членот 28 став (1) од овој закон“ се бришат.

Во ставот (2) по зборот „област“ се додаваат зборовите: „од Програмата за задолжителна обука“.

Член 9

Во член 32 во ставот (5) зборовите: „Испитната комисијата“ се заменуваат со зборот „Академијата“.

Во ставот (7) зборовите: „испитната комисија“ се заменуваат со зборот „Академијата“.

Член 10

Во член 34 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Содржината на програмата за обука за управувачки компетенции ја пропишува министерот на предлог на директорот на Академијата.“

Член 11

Насловот на членот 35 и членот 35 се бришат.

Член 12

Во членот 39 зборовите: „во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон“ се заменуваат со зборовите: „до 1 јануари 2027 година“.

Член 13

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за стручно усовршување и обука на административните службеници содржи 13 члена.

Со членот 1 од Предлогот на Закон се утврдува надлежност на министерот да достави предлог до Владата за директор на Академијата, со оглед на тоа што тоа е орган во состав на Министерството за јавна администрација без својство на правно лице.

Со членот 2 се врши техничка корекција во членот 10 став (7) од Законот.

Во членот 3 се подобрува текстот на одредбата од членот 13 став (1) од Законот, како и во ставот (9) на истиот член се дефинира надлежност за донесување на подзаконски акт од страна на министерот, на предлог на директорот, со кој се утврдува висината на надоместокот на членовите на испитните комисии.

Со членот 4 се менува член 15 ставот (4) од Законот во насока на утврдување надлежност на министерот да го донесе подзаконски акт за утврдување надомест на обучувачите, на предлог на директорот.

Со членот 5 се врши техничка исправка во одредбата од член 25 став (5) од Законот.

Со членот 6 се менува насловот на членот 27 од Законот за да се рефлектира содржината на членот. Воедно се воспоставува надлежност за донесување на подзаконски акти за содржината на програмата за задолжителна обука на лицето кое за првпат заснова работен однос како државен службеник. Со членот 7 се брише членот 28 од Законот кој ја уредува оваа материја.

Со членот 8 се менува ставот (1) од членот 30 во насока на усогласување со членовите 6 и 7 од Предлогот на Закон.

Со членот 9 се врши усогласување на член 32 од Законот со одредбата од членот 31 став (1) од Законот.

Членот 10 се воспоставува законски основ за подзаконски акт за содржината на програмата за обука за управувачки компетенции кој го донесува министерот. Со членот 11 се брише членот 35 кој ги дефинира областите опфатени во оваа обука.

Со членот 12 се врши изменување на членот 39 од Законот при што се продолжува рокот за донесување на подзаконските акти.

Со членот 13 се уредува влегувањето во сила на овој закон.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенија содржани во одредбите од овој Предлог на Закон се меѓусебно поврзани и се надополнуваат и како такви прават една правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените измени и дополнувања преку подобрување на содржината на постоечкиот закон ќе надминат одредени противречности и недоследности на начин што прецизно и јасно се дефинира надлежноста за донесување на подзаконските акти кои произлегуваат од Законот, но и се решаваат определени прашања кои би предизвикале проблеми при практичната имплементација на законските одредби.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ И ОБУКА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ КОИ ШТО СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

### Директор на Академијата

### Член 7

(1) Со Академијата раководи директорот на Академијата.

(2) Директорот на Академијата се именува за време од четири години, со право на уште еден последователен мандат.

(3) Директорот на Академијата го именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Владата).

(4) Владата е должна одлуката за именување на директор на Академијата да ја донесе најмалку шест месеци пред истекот на мандатот на директорот на Академијата.

(5) За директор на Академијата може да биде именувано лице, кое:

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно го користи македонскиот јазик и неговото кирилско писмо,
- не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност изречена со правосилна судска пресуда,
- не е член на органи на политичка партија,
- има ниво на квалификации VIA според Македонската рамка на квалификации, односно завршен VII/1 степен од областа на општествените науки,
- има најмалку 10 години работно искуство во јавниот сектор или приватниот сектор и
- има меѓународно признат сертификат или уверение за познавање на англискиот јазик): ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL IBT) - најмалку 30 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 3 бода, КЕТ (КЕТ) (Cambridge English) – положен, АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2), или сертификат, уверение или потврда со кое се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски) на најмалку ниво Б2 (B2) од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или странство, регистрирана како давател на оваа услуга.

## Програмски совет

## Член 10

(1) Програмскиот совет е советодавно тело на директорот на Академијата, составено од три члена, кои ги избира и разрешува директорот на Академјата за период од четири години, со право на уште еден избор.

(2) Членовите на Програмскиот совет од своите редови избираат претседавач.

(3) За член на Програмскиот совет може да биде избран:

- раководен државен службеник со најмалку шест години работен стаж како раководен државен службеник,

- член на универзитетската заедница од научна област во која е опфатено работењето на јавната администрација или

- инспектор со најмалку осум години работен стаж во државен инспекторат или инспекциска служба.

(4) Лицата од ставот (3) на овој член, треба да имаат искуство во подготовка на наставни планови или програми за обука и стручно усовршување што се докажува со соодветни документи приложени кон нивната биографија, која се објавува на веб- страницата на Академијата.

(5) Членови на Програмскиот совет се избираат преку јавен оглас, кој се објавува на веб-страницата на Академијата.

(6) Јавниот оглас од ставот (5) на овој член, содржи услови за кандидатите, потребни документи, рок и начин на доставување на пријавите и критериуми за селекција и трае 15 дена од денот на објавувањето.

(7) Директорот на Академијата формира комисија составена од тројца вработени од организационата единица за човечки ресурси во Академијата, која ги разгледува пријавите, го проценува исполнувањето на условите и изготвува ранг-листа на кандидати кои ги исполнуваат условите од ставовите (3) и (4) на овој член.

(8) Врз основа на ранг-листата од ставот (7) на овој член, директорот на Академијата донесува одлука за избор на членови на Програмскиот совет во рок од 15 дена од денот на завршување на јавниот оглас и ја објавува на веб-страницата на Академијата во рок од три дена од денот на донесувањето.

(9) Член на Програмскиот совет може да биде разрешен:

- на негово барање,

- поради утврдена неактивност, односно ненавремено или неучество во работата на Програмскиот совет во текот на најмалку три последователни состаноци,

- ако престане да ги исполнува условите од ставот (3) на овој член или

- доколку престане потребата од негово учество во Програмскиот совет базирана на неговата стручност и компетенции,

- поради повреда на етичките стандарди или нанесување штета на угледот на Академијата или

- поради трајна спреченост.

(10) Директорот на Академијата донесува решение за разрешување на членот на Програмскиот совет со образложение, кое се објавува на веб-страницата на Академијата во рок од 15 дена од денот на донесувањето на решението.

Испитни комисии

Член 13

(1) Академијата формира испитни комисии за спроведување на испит за спроведена обука за лица кои за првпат засновале работен однос како државни службеници, по спроведената задолжителна обука.

(2) Членовите на комисиите од ставот (1) на овој член, во својата работа се раководат од принципите на објективност, непристрасност и еднаквост кон лицата од ставот (1) на овој член.

(3) Комисиите од ставот (1) на овој член, се составени од три члена, од кои двајца членови именува директорот на Академијата од листата на обучувачи поврзани со предметната област и со почитување на правилата за спречување на судир на интереси, а третиот член е државен службеник поврзан со предметната област, кој го номинира раководното лице на институцијата во која лицето кое за првпат заснова работен однос како државен службеник е вработено.

(4) На барање на институциите, директорот на Академијата може да формира испитни комисии за спроведување и на други стручни испити за административни службеници утврдени со посебен закон.

(5) Комисиите од ставот (1) на овој член, на директорот на Академијата му предлагаат листа на електронски испитни прашања и одговори за писмениот дел од испитот за лица кои за првпат засноваат работен однос како државни службеници, како и листа на студии на случаи, подготвени врз основа на донесената програма за задолжителна обука.

(6) Комисиите од ставот (1) на овој член, за својата работа поднесуваат извештај до директорот на Академијата во рок од 15 дена од денот на завршувањето на испитот од ставот (1) на овој член.

(7) Членовите на комисиите од ставот (1) на овој член, имаат право на месен паричен надоместок за спроведени испитни сесии, кој не може да изнесува повеќе од 15% од просечната

исплатена месечна нето-плата по вработен во Република Северна Македонија за претходната година.

(8) Надоместокот од ставот (7) на овој член се определува во зависност од извршената работа и пропорционално бројот на ефективно реализирани испитни сесии во текот на месецот.

(9) Висината на надоместокот од ставот (7) на овој член поблиску ја утврдува директорот на Академијата.

Надоместоци

Член 15

(1) Обучувачот на генеричка обука има право на месечен паричен надоместок за спроведена обука, кој не може да изнесува повеќе од 15% од просечна исплатена месечна нето-плата по вработен во Република Северна Македонија за претходната година.

(2) Обучувачот на специјализирана обука има право на месечен паричен надоместок за спроведена обука, кој не може да изнесува повеќе од 25% од просечна исплатена месечна нето-плата по вработен во Република Северна Македонија за претходната година.

(3) Надоместоците од ставовите (1) и (2) на овој член се определуваат во зависност од извршената работа и пропорционално на бројот на ефективно реализирани наставни часови во текот на месецот.

(4) Висината на надоместоците од ставовите (1) и (2) на овој член поблиску ја утврдува директорот на Агенцијата.

Надоместок на трошоци за организирање и спроведување на специјализирани обуки

Член 25

(1) Институцијата што бара организирање и спроведување на специјализирана обука од Академијата, должна е на Академијата да и плати надоместок на трошоците поврзани со организирањето и спроведувањето на специјализираната обука.

(2) Висината на надоместокот од ставот (1) на овој член се утврдува врз основа на:

- бројот на административни службеници кои ќе учествуваат на обуката,
- трошоците за ангажирање на обучувачи и други стручни лица,
- видот, обемот и траењето на обуката,
- трошоци за логистика, простор и наставни материјали и
- административни трошоци поврзани со реализација на обуката.

(3) Академијата е должна да ја извести институцијата за висината на надоместокот од ставот (1) на овој член пред започнување на специјализираната обука.

(4) Академијата и институцијата склучуваат договор за организирање и спроведување на специјализирана обука.

(5) Висината на надоместокот од ставот (1) на овој член ја утврдува министерот, на предлог на директорот на Агенцијата.

Часови на обука и испит

Член 27

(1) Лицето од членот 26 од овој закон, има обврска во рок од една година од засновање на работниот однос како државен службеник, да посетува 120 часа задолжителна обука за државен службеник, организирана и спроведена од Академијата, на барање на институцијата.

(2) Лицето од членот 26 од овој закон е должно да полага испит за спроведената обука во рок од шест месеци по завршување на обуката од ставот (1) на овој член.

(3) Испитот од ставот (2) на овој член го организира и спроведува Академијата, согласно со испитниот календар објавен на веб-страницата на Академијата.

Содржина на програмата за задолжителна обука

Член 28

(1) Програмата за задолжителна обука на лицето кое за првпат заснова работен однос како државен службеник се состои од следниве области:

- државна управа и службенички систем,
- постапки за давање на услуги,
- интегритет и кодекс на однесување,
- канцелариско и архивско работење,
- комуникациски вештини,
- спречување на корупција и судир на интереси,
- родова еднаквост и заштита од дискриминација,
- номотехника,
- ИКТ и дигитализација и
- единствен европски административен простор.

(2) Содржината на програмата од ставот (1) на овој член и начинот на спроведување на обуките за областите од ставот (1) на овој член ги утврдува директорот на Академијата.

Електронски тест

Член 30

(1) Електронскиот тест содржи вкупно 50 прашања и тоа по пет прашања од секоја од областите од членот 28 став (1) од овој закон.

(2) За секоја област одделно се подготвуваат најмалку петпати повеќе прашања и понудени одговори од предвидениот број на прашања во електронскиот тест.

(3) За секое прашање се понудени по три одговори, од кои само едниот е точен и носи два бода.

(4) Подготвените прашања се внесуваат во електронскиот систем за полагање.

Оценување на електронскиот тест и студијата на случај

Член 32

(1) На електронскиот тест може да се освојат најмногу 100 бодови.

(2) Точниот одговор на секое прашање се бодува со два бода, при што секое одделно прашање може да се одговори со селектирање на само еден од трите понудени одговори.

(3) Студијата на случај како дел од испитот се оценува со оценка „положил“ или „не положил“. Оценката се базира на тоа дали кандидатот покажал задоволително ниво на знаење, аналитички способности и примена на административни и правни принципи релевантни за темата на студијата.

(4) Лицето кое за прв пат засновал работен однос како државен службеник се смета дека го положило испитот, доколку има освоено најмалку 60 бода на електронскиот тест и има решено студија на случај.

(5) Испитната комисијата во рок од три дена по завршување на испитот, електронски или писмено го известува лицето од ставот (4) на овој член и институцијата во која истото е вработено за резултатот од испитот.

(6) Лицето од ставот (4) на овој член, кој нема да го положи испитот, може најдоцна во рок од три месеци од известувањето од ставот (5) на овој член повторно да го полага испитот.

(7) Доколку при повторното полагање на испитот, лицето од ставот (4) на овој член, не го положи испитот, испитната комисија во рок од три дена од денот на спроведување на испитот, електронски или писмено го известува лицето од ставот (4) на овој член и институцијата во која истото е вработено дека не го положил испитот.

(8) Институцијата во која лицето од ставот (4) на овој член е вработено, по добиеното известување од ставот (7) на овој член, веднаш определува ментор од организационата единица во која е вработено лицето од ставот (4) на овој член, за период од шест месеци согласно Законот за административните службеници.

(9) На лицето од ставот (4) на овој член, му се утврдува плата во износ од 80 % во однос на основната нето-плата што му припаѓа за работното место на кое е распореден за време на менторството од ставот (8) на овој член, која се исплаќа сè до денот на полагање на испитот со успех „положил“. Лицето од ставот (4) на овој член има право на повторно полагање на испитот по завршување на менторството.

(10) Против известувањата од ставот (7) на овој член, лицето од ставот (4) на овој член може во рок од седум дена од нивното доставување да поднесе приговор до директорот на Академијата.

(11) Директорот на Академијата против приговорот од ставот (10) на овој член одлучува со решение во рок од седум дена од денот на приемот на приговорот.

Член 34

(1) Раководните административни службеници се должни во рок од шест месеци од стекнување на звањето раководен административен службеник (категорија Б), да посетуваат обука за управувачки компетенции во траење од 60 часа.

(2) Обуката од ставот (1) на овој член ја спроведува Академијата.

Содржина на обука за управувачки компетенции

Член 35

(1) Обуката за управувачки компетенции ги опфаќа следниве области:

- управување со тимови и тимско работење,
- управување со време,
- управување со отпор
- управување со промени,
- управување со учинок,
- управување со проекти,
- управување со финансии,
- учество во управни спорови,
- креирање политики и
- стратешко планирање.

Член 39

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.